**СВЕТСКА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА**

Признаена од Интернационалниот олимписки комитет (IOK)
Член на СпортАкорд и Меѓународна светска асоцијација на спортови (IWGA)

# Инструкции

*Програма за сертификација на WKF тренери*

# ИНСТРУКЦИИ: Програма за сертификација на WKF тренери

1. Обем ........ 3
2. Примена ........ 3
3. Опис ........ 3
4. Преглед ........ 6

ПРИЛОЗИ ........ 7

ПРИЛОГ 1: АКРЕДИТАЦИСКИ ДОГОВОР ЗА ТРЕНЕРИ ........ 8

ПРИЛОГ 2: ОФИЦИЈАЛНИ ПРИГОВОРИ ........ 9

1. Официјални приговори ........ 9
2. Состав на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) ........ 9
3. Процес за евалуација на приговори ........ 10
4. Одбиени приговори ........ 10
5. Прифатени приговори ........ 10
6. Извештај за приговорот ........ 11
7. Власт и ограничувања ........ 11

ПРИЛОГ 3: АНТИ ДОПИНГ ........ 12

# Програма за сертификација на тренери кои учествуваат на WKF натпревари

## 1. Обем

Овие прописи се однесуваат на тренери кои учествуваат на официјални натпревари организирани од страна на Светската карате федерација (СКФ/WKF) или други натпревари директно поддржани од страна на СКФ. Функцијата на оваа програма е да воспостави стандарди, а не да понуди целосно оформена програма за обука и едукација. Примарната едукација на тренерите ќе остане во рамките на националните федерации, на ист начин како што во денешни рамки функционира примарната едукација за судиите.

## 2. Примена

Техничката комисија (Technical Commission – TC) која е во состав на Светската карате федерација е одговорна за имплементација на овие прописи. Сите ревизии, промени или исклучоци на овие прописи ќе бидат предмет на одлука на Извршниот комитет (Executive Committee – EC) на Светската карате федерација.

## 3. Опис

3.1. Сите тренери на спортисти кои ги претставуваат Националните федерации - членки на Светската карате федерација се обврзани да го потпишат „Акредитациски договор за тренери“ за да можат да функционираат на натпревари поддржани од Светската карате федерација. Потпишаниот акредитациски договор се задржува од страна на Техничката комисија на Светската карате федерација. Се чува запис од секој неприфатен приговор од страна на тренерите, како и секоја санкција изречена спрема тренерите или спортистите водени од нив.

3.2. „Акредитацискиот договор за тренери“ истовремено претставува основен опис на функцијата тренер, како и личен договор на тренерите и обврска за

посветеност на стандардите кои се утврдени во договорот. Потпишувањето на Акредитацискиот договор за тренери е услов за да се добие валидна акредитација за тренер на официјални натпревари на Светската карате федерација.

3.3. Програмата за серификација на тренери е поделена на три различни нивоа:

3.3.1. **Акредитиран тренер** е тренер кој е официјално назначен од неговата/нејзината национална федерација, има потпишано Акредитациски договор за тренери и има присуствувано на задолжителните инструкции за акредитација. Овие куси инструкции ќе им ги објаснат на тренерите елементите на Акредитацискиот договор за тренери, правилата за приговори и прописите за допинг на Светската карате федерација. За достигнување на ова ниво не се потребни формални испити.

3.3.2. Второто ниво е **Сертифициран кумите тренер** или **Сертифициран ката тренер.** Услов за достигнување на ова ниво е делување како тренер на интернационално ниво минимум три години и успешно поминување на формален испит за правилата на кумите или ката (во зависност од дисциплината на сертифицирање). Кандидатот првенствено мора да биде пријавен од сопствената национална федерација за да може да го полага овој испит. Националната федерација, со поднесување на пријавата потврдува дека кандидатот функционира како тренер на поединци или национални екипи во период од три години. Ако кандидатот го помине успешно писмениот испит, се здобива со диплома која има важност од три години. По изминувањето на овие три години, кандидатот мора да го повтори писмениот испит со цел да се ресертифицира.

3.3.3. Третото ниво, **Сертифициран карате тренер** може да го добијат само тренери кои се имаат стекнато со титулите Сертифициран кумите тренер и Сертифициран ката тренер, имаат делувано како тренери на натпревари на Светската карате федерација минимум пет години, немаат голем број на одбиени приговори во последните две години и немаат записи за

прекршување на Акредитацискиот договор за тренери во период од пет години.

3.4. Техничката комисија на Светската карате федерација ќе ја повлече дипломата ако на кандидатот му се издадени поголем број на невалидни приговори или има дисциплински санкции против него/неа во последните две години. Во овие случаи Техничката комисија ќе го проследи случајот до Извршниот комитет со своја препорака за решение.

3.5. Техничката комисија на Светската карате федерација во секое време може да одложи или откаже одредена сертификација заради прекршување на Акредитацискиот договор за тренери. Оваа постапка мора да биде евидентирана од претставник на Техничката комисија на задниот дел на потпишаниот Акредитациски договор за тренери на кандидатот. Било кој тренер, претходно акредитиран или сертифициран, ако му биде одземена акредитацијата, мора повторно да го помине писмениот испит за кумите или ката тренер, со цел повторно да ги исполнува условите за сертификација, без разлика дали во минатото успешно го има поминато испитот. Тренер кој имал акредитиран статус, со тоа што повторно ќе добие акредитација успешно поминувајќи го писмениот испит, нема автоматски да добие и сертифициран статус.

3.6. Техничката комисија по своја сопствена желба може да сертифицира познати искусни тренери без спроведување на формални испити, доколку кандидатот го потпише Акредитацискиот договор за тренери, го има потребното интернационално искуство за сертификација и нема негативен запис во Светската карате федерација.

## 4. Преглед

| СЕРТИФИЦИРАН КАРАТЕ ТРЕНЕР |
|---|
| Сертификација валидна на неодредено време под услов да нема прекршување на Акредитацискиот договор за тренери |
| Мора да ги исполнува условите за сертифициран ката тренер |
| Мора да ги исполнува условите за сертифициран кумите тренер |
| Минимум пет години делување како тренер на светски и/или континентални првенства без прекршување на Акредитацискиот договор |

→ Диплома издадена од Светска карате федерација

| СЕРТИФИЦИРАН КУМИТЕ ТРЕНЕР | СЕРТИФИЦИРАН КАТА ТРЕНЕР |
|---|---|
| Сертификацијата се обновува на три години | Сертификацијата се обновува на три години |
| Мора да се помине теориски испит за кумите правила | Мора да се помине теориски испит за ката правила |
| Минимум три години делување како тренер на светски и/или континентални првенства без прекршување на Акредитацискиот договор | Минимум три години делување како тренер на светски и/или континентални првенства без прекршување на Акредитацискиот договор |

→ Диплома издадена од Светска карате федерација

→ Испитот кој се полага е истиот теоретски испит кој го полагаат арбитерите и судиите

| АКРЕДИТИРАН ТРЕНЕР |
|---|
| Мора да има потпишано Акредитациски договор |
| Мора да има посетено тренерски инструкции за општи теми |
| Мора да ги посетува инструкциите секои три години за обнова на акредитацијата |
| Мора да биде акредитиран од националната федерација како тренер |

→ ИНСТРУКЦИИ ЗА ТРЕНЕРИ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА:

- Преглед на Акредитацискиот договор
- Приговори и процедури за приговори
- Резиме на анти допинг прописи
- Преглед и истакнување на правилата

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1: АКРЕДИТАЦИСКИ ДОГОВОР ЗА ТРЕНЕРИ

Долупотпишаниот се согласува да се придржува со следните услови како предуслов за делување како тренер на натпревари на Светската карате федерација и добивање и одржување на тренерска лиценца од страна на Светската карате федерација:

Како тренер, јас сум одговорен/на за:

1. безбедноста и благосостојбата на сите спортисти кои ми се доделени мене од страна на мојата национална федерација, во и надвор од натпреварувачката област;
2. моето љубезното и дисциплинирано однесување, како и за однесувањето на спортистите кои ми се доделени мени, во и надвор од натпреварувачката област;
3. моето придржување и придржувањето на спортистите кои ми се доделени мене до инструкциите дадени од арбитерите, судиите или други овластени службени лица на турнирите и натпреварите;
4. придржувањето на спортистите кои ми се доделени мене кон актуелните и важечките анти допинг прописи;
5. почитување на актуелните правила за натпреварување и осигурување дека спортистите кои ми се доделени се придржуваат и ги почитуваат истите правила;
6. избегнување на приговори без основа во правилата.

Со ова потврдувам дека разбирам дека непочитување на овој Акредитациски договор за тренери може да доведе до губење на правото за делување како тренер на натпревари организирани од Светската карате федерација, и понатаму, таквото непочитување базирано на одлука на Техничката комисија може да резултира со одземање или суспензија на било која тренерска лиценца издадена на мое име од страна на Светската карате федерација.

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ ____________________________________________________________

НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА ____________________________________________________

ДАТУМ ___________________________ ПОТПИС _________________________________

# ПРИЛОГ 2: ОФИЦИЈАЛНИ ПРИГОВОРИ

*ЧЛЕН 11 ОД КАТА И КУМИТЕ ПРАВИЛА ЗА НАТПРЕВАРИ НА СВЕТСКАТА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА*

## 1. Официјални приговори

1.1. Никој нема право да протестира за пресуда на члeновите на Арбитражниот одбор (Refereeing Panel – RP).

1.2. Доколку изгледа дека процедура или постапка на судијата/арбитерот е во конфликт со правилата, право да направи приговор има само Претседателот на Федерацијата или официјлаен претставник.

1.3. Приговорот мора да биде во пишана форма и поднесен веднаш по рундата во која приговорот бил продуциран. (Единствен исклучок се однесува на приговор од административна природа. Ако е забележан проблем или пропуст од административна природа, веднаш треба да се извести контролорот на мечот [Match Area Controller – MAC]).

1.4. Приговорот мора да биде поднесен до претставник на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ). Во догледно време Одборот ќе ги разгледа околностите кои довеле до протестната одлука. Земајќи ги превид сите факти кои се на располагање, тие ќе подготват извештај и ќе имаат овластување да го спроведат заклучокот од извештајот.

1.5. Сите приговори кои се во врска со примената на правилата мора да бидат направени во согласност со процедурите за приговори дефинирани од страна на Извршниот комитет (Executive Committee) на Светската карате федерација. Тие мора да да бидат поднесени во писмена форма и потпишани од страна на официјален претставник на екипата или натпреварувач(и).

1.6. Подносителот на приговорот е обврзан да депонира такса за приговор, како што е наложено од страна на Извршниот комитет на Светската карате федерација и овој доказ, заедно со приговорот мора да се поднесе до претставник на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ).

## 2. Состав на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ)

Одборот за жалби е составен од три постари (сениор) арбитери/судии назначени од страна на Судиската комисија (Referee Commission – RC). Не смеат да бидат назначени два члена од иста национална федерација. Судиската комисија е задолжена да назначи уште и три членови нумерирани со броеви од 1 до 3, кои би ги замениле првично именуваните членови во Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ), ако се појави ситуација во која има конфликт на интерес, каде членот на Одборот (жирито) е од иста националност или пак

има крвни или роднински врски со некоја од страните вмешана во инцидентот за кој е поднесен приговор, вклучувајќи ги и членовите на Арбитражниот одбор (Refereeing Panel – RP) инволвиран во ситуацијата.

## 3. Процес за евалуација на приговори

Страната до која се поднесува приговорот има одговорност да свика Одбор за жалби (Appeals Jury – AJ) и да ја депонира сумата од таксата за приговор до благајникот (архиварот). Откако е свикан, Одборот за жалби веднаш ќе спроведе истрага каква што смета дека е неопходна за да се потврди веродостојноста на приговорот. Секој од трите члена е обврзан да даде сопствена пресуда за валидноста на приговорот. Неприфатливо е воздржување од произнесување.

## 4. Одбиени приговори

Ако еден приговор е означен за невалиден, Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) ќе назначи еден од своите членови кој има обврска вербално да го извести подносителот на приговорот дека приговорот е означен за невалиден, да го означи оригиналниот документ со зборот „ОДБИЕН“ и да го предаде на потпишување кај секој член на Одборот за жалби, а потоа да го достави кај архиварот (благајникот), кој треба да го достави до Генералниот секретар.

## 5. Прифатени приговори

Ако еден приговор е прифатен, Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ), во координација со Организациската комисија (Organizing Commission – OC) и Судиската комисија (Referee Commission – RC) ќе преземе мерки со кои ќе може да се разреши ситуацијата, вклучувајќи ги можностите на:

- Менување на претходно донесените пресуди кои се во конфликт со правилата
- Поништување на резултатите од спорните натпревари до точката пред настанување на инцидентот
- Повторување на натпревари кои биле афектирани од инцидентот
- Издавање препорака до Судиската комисија Referee Commission – RC) дека инволвираните судии/арбитери се евалуирани за корекција или санкција

Должност на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) е да покаже воздржаност и разумен став при преземањето дејствија кои би ја попречиле програмата на натпреварот на значителен

начин. Менувањето на насоката на процесот на елиминации е последната опција со цел да се обезбеди фер исход.

Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) ќе назначи еден од своите членови кој има обврска вербално да го извести подносителот на приговорот дека приговорот е прифатен, да го означи оригиналниот документ со зборот „ПРИФАТЕН“ и да го предаде на потпишување кај секој член на Одборот за жалби, а потоа да го достави кај архиварот/благајникот (Treasurer), кој треба да го достави до Генералниот секретар, откако ќе му ја врати уплатената такса на подносителот на приговорот.

## 6. Извештај за приговорот

По справувањето со инцидентот на начинот пропишан погоре во документов, Одборот ќе се состане и ќе елаборира едноставен извештај за приговорот, опишувајќи ги своите наоди и изнесувајќи ги своите причини за прифаќање или одбивање на приговорот. Извештајот треба да биде потпишан од сите три члена на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) и доставен до Генералниот секретар.

## 7. Власт и ограничувања

Одлуката на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) е конечна и единствено може да биде поништено со одлука на Извршниот комитет (Executive Committee – EC). Одборот за жалби не може да пропишува санкции или казни. Неговата функција е да пресуди за веродостојноста на приговорот и да иницира одредени акции кои ќе ги поттикне Судиската комисија (Referee Commission – RC) и Организационата комисија (Organizing Commission – OC) да преземат поправни мерки за да ја коригираат судиската постапка која е утврдено дека била во конфликт со правилата.

ОБЈАСНУВАЊЕ:

I. Во приговорот мора да се наведени имињата на натпреварувачите, судискиот одбор, како и прецизни детали за што се поднесува приговорот. Генерални тврдења за севкупните стандарди нема да бидат прифатени како легитимни приговори. Товарот на докажување на валидноста на приговорот го носи подносителот на приговорот.
II. Приговорот ќе биде разгледан од страна на Одборот за жалби (Appeals Jury – AJ) и Одборот има за обврска да ги проучи доказите поднесени заедно со приговорот. Покрај тоа, Одборот може да проучува видео снимки или да испрашува официјални лица, со цел објективно да ја испита валидноста на приговорот.
III. Ако приговорот се усвои за валиден од страна на Одборот за жалби(Appeals Jury – AJ), ќе биде преземена соодветна акција. Покрај тоа, ќе бидат преземени сите мерки да се избегне повторување на дејствието во идни натпревари. Уплатениот депозит му се враќа на подносителот од страна на благајната.

IV. Ако приговорот се усвои за невалиден од страна на Одборот за жалби, уплатениот депозит се префрла во Светската карате федерација.

V. Осигурување дека натпреварите или рундите нема да бидат одложени во случај на подготовка на официјален приговор. Арбитерот има одговорност да се погрижи натпреварот да тече во согласност со правилата за натпреварување.

VI. Во случај на проблем од административна природа, тренерот може веднаш директно да го извести контролорот на мечот (Match Area Controller), кој потоа ќе го извести судијата.

## ПРИЛОГ 3: АНТИ ДОПИНГ

### *АНТИ ДОПИНГ ЗА СЕРТИФИКАЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА ТРЕНЕРИ НА СВЕТСКАТА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА*

1. Како да се биде сигурен дека лекарставта кои се користат не се наоѓаат на забранетата допинг листа

   Секој спортист или спортски кадар (како тренер) мора да ја проверуваат последната верзија на забранетата допинг листа бидејќи оваа листа се менува најмалку еднаш годишно. Тие мора да бидат информирани кои методи и супстанци се забранети; меморизирање на листата не е препорачано. За да може да се проверат препишаните супстанци, тие може да ги проверат лекарставата на интернет, преку допинг банка на податоци на Анти допинг организација.

2. Додатоци на исхраната може да резултираат со позитивен допинг тест

   Научните истражувања докажуваат дека голем дел од додатоците на исхраната не се оригинални. Покрај тоа, во просек 20 проценти од оригиналните додатоци на исхрана се контаминирани со забранети супстанци; анаболичките стероиди и стимуланси се главните супстанци кои се додаваат, а никогаш не се наведени во етикетите со состојки на додтаоците на исхрана.

3. Како може да се побара и добие изземање за терапеветска употреба (Therapeutic Use Exemption)

   Понекогаш спортистите треба да користат лекарства заради нивните медицински третмани. Во овие случаи треба да се знаат формалностите за аплицирање и добивање на право за изземање за терапевтска употреба.

4. Локација на спортистите и достапност за тестирање надвор од натпреварите (Out Of Competition Testing – OOCT)

   Сите спортисти треба секогаш и секаде да бидат подготвени да се подвргнат на анти допинг тестови за време на натпреварите, како и надвор од натпреварите. Одбивање да се соработува со овие правила се признава како анти допинг прекршок за кој следува санкција. Банката на информации со локациите на спортиситите помага при тестирањето надвор од натпреварите (OOCT) и секој неуспех времено да се ажурира информацијата за престојот на спортисите може да доведе до пропуштање на анти допинг тест, што води до анти допинг прекршок и следствено, санкција.